www.s-front.org.mk
Twitter: @SubversiveFront
Facebook: SubversiveFront
Instagram: subversive.front
YouTube: Subversive Front
E-mail: contact@s-front.org.mk

Согласно член 6 од Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија"бр. 24/2003) и членовите 14 и 15 од Статутот на Здружението, Управниот одбор на Здружението издава:

**П Р А В И Л Н И К**

**за избор и работа на Управниот одбор на Здружението за критички пристап кон родот и сексуалноста**

**СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник Собранието на Здружението за критички пристап кон родот и сексуалноста СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје (понатаму Здружението) врз основа на Статутот на Здружението ги определува условите и критериумите за предлагање, избор и состав на членовите на Управниот одбор, како и основните правила за неговото работење. Сè што не е опфатено со овој Правилник треба да биде во согласност со Статутот на Здружението.

**Член 2**

Управниот одбор го избира Собранието на Здружението и има мандат од три години, со право за повторен избор. Во случај на предвремено престанување на членството на некој член во Управниот одбор (во врска со член 29 од Статутот), новиот член на Управниот одбор кој ќе го замени ќе го доврши неговиот мандат. Управниот одбор се избира на седница на изборно собрание, со јавно гласање.

**Член 3**

Управниот одбор во согласност со Статутот раководи со работата на Здружението и располага со оригинерни, статутарни и законски овластувања и овластувања делегирани од Собранието.

**Член 4**

Управниот одбор на Здружението се состои од 3 членови - Претседател, кој кој се избира од редот на неговите членови и 2 членови, сите членови избрани од Собранието.

Претседателот на Управниот одбро се избира со мандат во времетраење од три години со право на повторен избор.

Постапката за гласање и за верификација на изборот е предмет на Правилникот за работа на Собранието на Здружението.

## КАНДИДИРАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УО

**Член 5**

Кандидирањето е можно по принцип на:

- самокандидирање со поддршка од 5 редовни членови;
- кандидирање по предлог од најмалку 5 редовни членови.

Кандидатурата за членство во Управен одбор мора да се поднесе во писмена форма или електронски најдоцна три дена пред одржување на изборното собрание.

Предложениот член на Управниот одбор при кандидирањето ги доставува личните податоци – адреса, контакт информации и број на членска книшка на Здружението.

На секој кандидат доколку сака ќе му биде овозможено во моментот на истакнувањето на кандидатурата да изврши свое претставување на веб - страната на Здружението.

### Член 6

Членот во Управниот одбор треба да биде лице, т.е. редовен член, кое има истакнат афирмативен професионален и/или општествен ангажман низ кој може основано да се претстави квалитетен ангажман во име на остварување на целите и задачите на Здружението, а притоа да ги задоволува следните критериуми:

- Активен ангажман од најмалку 3 години;
- Намирени обврски кон Здружението.

### Член 7

Членовите на Управниот одбор на Здружението се предлагаат и се избираат и во согласност со критериумите - соодветната етничка, родова и сексуална и регионална застапеност на кандидатите.

Настојувањето за запазување на принципот на правична застапеност не може да биде доведено до степен на врвен и првичен критериум доколку со тоа може да се дојде до напуштање на основните потребни лични и професионални квалификации и капацитет за членување во УО.

При изборот е допуштено и препорачливо со еден кандидат/член да се задоволат повеќе критериуми одеднаш (на пример, регион-етникум, пол и сл...).

### Член 8

Изборот на членовите на Управниот одбор го врши Собранието, а веродостојноста на изборот ја верификува Верификационата комисија на Собранието на Здружението на изборно собрание.

Изборот на трите члена на УО се врши и при истакнати 3 кандидатури на предложени кандидати/членови додека не постои ограничување на максималниот број кандидати.

www.s-front.org.mk
Twitter: @SubversiveFront
Facebook: SubversiveFront
Instagram: subversive.front
YouTube: Subversive Front
E-mail: contact@s-front.org.mk

Собранието на Здружението не може да избере за член на Управен одбор лице – кое ги нема намирено сите финансиски и нефинансиски обврски кон Здружението до денот на изборот на Управниот одбор.

За членови на УО не може да се кандидираат кандидати за Извршен директор и вработените во Стручната служба на Здружението, како и лица кои извршуваат функција во политичка партија.

**Член 9**

Избраните членови на Управниот одбор и претседателот и Претседателот на Управниот одбор, се должни да одржат конститутивна седница веднаш по завршувањето на изборното собрание, а доколку тоа не е можно од објективни причини, тогаш истото треба да биде сторено во рок од 3 дена.

Претседателот на Управниот одбор избира свој заменик од редот на членовите на УО, кој го заменува во улогата на претседател на УО, во случај на отсутност .

**ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УО И ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦИ НА УО**

**Член 10**

Секој член на Управниот одбор има задолженија и обврски утврдени со Статутот и со други акти.

Членот на Управниот одбор е должен активно да партиципира во работата на Управниот одбор и неговото постапување да биде мотивирано од совесност и чесност.

Членот на Управниот одбор потребно е редовно да присуствува на седницата на Управниот одбор.

**Член 11**

Доколку членот на Управниот одбор неоправдано отсуствува повеќе од три пати во текот на една мандатна година, мандатот на членот во Управниот одбор

престанува. Во таков случај по автоматизам неговото место го зазема следниот од листата на кандидати од последното изборно собрание.

**СЕДНИЦИ НА УО**

**Член 12**

Управниот одбор се состанува по потреба, а најмалку еднаш на три месеци во текот на една година. Конститутивната седница не се смета за редовна работна седница. Првата редовна работна седница на УО мора да се одржи во рок кој е оптимален во однос на обврските кои му се дадени на УО со Статутот или со одлуки на Собранието, а кои обврски се поврзани со посебни рокови.

Седниците ги свикува претседателот на Управниот Одбор,а во случај на негово отсуство седница може да свика лицето кое тој ќе го определи.

Членовите на УО се известуваат за одржувањето на седницата најмалку три дена пред нејзиното одржување во рамки на кој рок се доставуваат и материјалите за седницата.

На седниците на Управниот одбор може да присуствува и Извршниот директор, без право на глас.

Вработените во Стручна служба на Здружението, присуствуваат на седниците на Управниот одбор заради администрирање на седницата, без право на глас.

На седниците на Управниот одбор, по потреба и покана од Управниот одбор можат да присуствуваат и други лица поврзани со активностите на Здружението, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор може да свика и вонредна седница на УО по сопствена иницијатива доколку тоа го налагаат потребите, според услови утврдени со Статутот и ако тоа го побараат најмалку една третина од членовите

на Управниот одбор. Вонредната седница на УО се свикува најмалку 24 часа пред нејзиното одржување.

**Член 13**

Седниците на УО се одржуваат во просториите на Здружението или во друга претходно обезбедена просторија од страна на Здружението, а за што членовите на УО ќе бидат известени најмалку три дена пред одржување на седницата. Седниците на Управниот одбор ги подготвува Стручна служба во соработка со претседателот на Управниот одбор.

Подготовката ги опфаќа следните работи:
- Утврдување дневен ред;
- Подготовка на писмени материјали за седниците;
- Поканување/известување на членовите на Управниот одбор и други лица (по потреба) за времето и за местото на одржување на седницата.

При утврдување на дневниот ред ќе бидат земени предвид предлозите кои навремено ги предложиле членовите на Управниот одбор, а најдоцна три дена пред одржување на седницата. Во случај да се бара нова точка на дневен ред за која е потребна претходна подготовка (разгледување на материјали, анализи и сл.) истата ќе се разгледува на следната седница на Управен одбор.

Свикувањето и доставата на материјалите за седниците се врши по електронски пат на адресата која секој член ја доставил како наменска.

## ВОДЕЊЕ СЕДНИЦИ НА УО

**Член 14**

Седниците на УО ги води Претседателот на УО на Здружението.

Во случај на отсуство на претседателот седница може да води друг член овластен од претседателот.

За текот на седницата се води записник. Во работата на седниците на Управниот одбор учествува и најмалку еден член вработен во Стручна служба, кој изготвува записник од состанокот и го доставува на одобрување до претседателот на Управниот одбор и до неговиот заменик најдоцна три дена пред одржување на наредната седница на Управен одбор.

Записникот се става на гласање за усвојување на следната седница на Управниот одбор.

**ТЕК НА СЕДНИЦА НА УО**

**Член 15**

УО може да работи и полноважно да одлучува со работен кворум од 2 присутни члена, поточно ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број избрани членови на УО.

Управниот одбор донесува одлуки едногласно.

Гласањето на седниците е јавно, освен ако УО не одлучи по одделни прашања гласањето да биде тајно.

**Член 16**

За присутноста на членовите на УО се води евиденција.

Евиденцијата од став 1 на овој член ја води еден од вработените во Стручна служба. Лицето кое претседава со седниците го известува УО кои членови се поканети да присуствуваат на седницата и кои членови го најавиле своето отсуство. Ако на почетокот на седницата се утврди дека не постои кворум, седницата се одложува, но не поскоро од 3 дена, ни подоцна од 8 дена, со истиот дневен ред.

Ако во текот на траењето на седницата се утврди дека нема кворум, истата се прекинува и се презакажува за одредено време, ден и час, со преостанатиот дел

од дневниот ред, а во согласност со механизмот од претходниот став на овој член.

**Член 17**

Пред да се премине на утврдување на дневниот ред на седницата се усвојува записникот од претходната седница. Секој член може да стави забелешка на записникот и да бара во истиот да се извршат одредени измени или дополнувања.

Предложениот дневен ред може да се измени и да се дополни на почетокот на седницата на УО во поглед на редоследот или со предлагање нови точки.

**Член 18**

За секоја точка од дневниот ред се отвора расправа. Лицето кое претседава со седницата ја заклучува расправата откако ќе утврди дека повеќе нема пријавени учесници за дискусија.

По исцрпувањето на дискусијата за секоја точка од дневниот ред се одлучува, односно заклучува по истата по пат на гласање, а ако за тоа нема потреба, тогаш единствено се констатира дека е пренесена информација.

Управниот одбор носи одлуки, препораки, предлози (вклучително и предлог-одлуки за усвојување на Собрание), заклучоци и усвојува или изготвува информации.

**Член 19**

На седницата на УО никој не може да говори пред да побара и да добие збор од лицето кое претседава со седницата.

Лицето кое претседава со седницата на учесниците во расправата им дава збор според редоследот на пријавувањето. Лицето кое претседава со седницата може да му даде збор и на секој присутен на седницата кој не е член на УО, а истиот е поканет на седницата. Учесникот во расправата може да говори само за

прашање кое е на дневен ред, а во случај да се оддалечи од дневниот ред лицето кое претседава со седницата ќе го предупреди неговото излагање да биде во рамките на точката од дневниот ред, во спротивно може да му го одземе зборот.

За одржување на редот на седницата се грижи лицето кое ја води седницата. За повреда на редот на седницата лицето кое ја води седницата може да го опомене и да му го одземе зборот на учесникот во расправата.

## ПОСТАПКА ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ГЛАСАЊЕ

### Член 20

Доколку за одржување седница на УО не може да се обезбеди потребниот кворум, а заради непречено и ефикасно спроведување на активностите на Здружението, може да се спроведе електронско гласање (гласање преку електронска пошта) од страна на членовите на УО. Електронско гласање ќе се применува селективно. Претседателот на УО во зависност од природата и од итноста на прашањата од дневниот ред за секој случај поединечно одлучува дали ќе се спроведе електронско гласање или повторно ќе ја свика истата седница на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор може да одлучи електронското гласање да се спроведе за сите или само за поединечни точки од дневниот ред. Оние точки од дневниот ред за кои нема да се спроведе електронско гласање ќе бидат ставени на дневниот ред за следната седница. Гласањето преку електронска пошта ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство, како и гласањето извршено на седница на УО.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 21

Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат на начин и со постапка како и за неговото донесување. Измени и дополнувања на овој Правилник можат да поднесат:

- претседателот на УО;

www.s-front.org.mk
Twitter: @SubversiveFront
Facebook: SubversiveFront
Instagram: subversive.front
YouTube: Subversive Front
E-mail: contact@s-front.org.mk

- членовите на УО;
- редовните членови на Здружението.

**Член 22**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 21.01.2019 година

Извршен директор

Ангелина Иванова

А. Иванова

Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста
СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ
Скопје